РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 35 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт С 26.02, Општина Гази Баба, Скопје**, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт С 26.02, Општина Гази Баба, Скопје,** кој опфаќа простор од **28,72 ха,** со следните граници :

- на север – по железнички индустриски колосек;
- на исток – по сервисна улица "С2";
- на југ – по сервисна улица "С1";
- на запад – по градска магистрала ул." Хрватска"

**Намена на земјиштето и градбите:**

- мешана намена М (Б+Г) во која се дозволени следните намени:

- Б - комерцијални и деловни намени
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 - сервиси
- Г4 - стоваришта
- Д2 - заштитно зеленило
- површини под секундарна сообраќајна инфраструктура

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт С 26.02, Општина Гази Баба, Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари 2", во рок од 7 (седум) работни дена и тоа почнувајќи од 24.02.2026 год. до 04.03.2026 год., секој работен ден од 8.00 часот до 16.00 часот.

Повторната **Јавна презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт С 26.02, Општина Гази Баба, Скопје**, ќе се одржи на ден **26.02.2026** год (четврток) со почеток во **10.00** часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во повторната Јавна анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари 2".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови.

Бр. **28-3/651/6**
од 16.02.2026 година
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**